РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-402/2
17-06-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 6-тата седница одржана на 10.06.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-402/1 од 26.01.2024 година, со изразено сомневање за потенцијално вршење на влијание на исходот од тековна постапка пред /// суд ///, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Предметот со број 12-402/1 од 26.01.2024 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 26.01.2024 година, поднесена е пријава во која е изразено сомневање за потенцијално вршење на влијание на исходот од тековна постапка пред /// суд ///, и оформен е предмет број 12-402/1 од 26.01.2024 година.
Во пријавата подносителот изразува сомневање дека постои ризик лице кое во постапка пред /// /// суд /// е осудено за сторено кривично дело „Загрозување на сигурноста" од член 144 став 2 од Кривичниот законик, да изврши влијание на исходот од постапка по жалба пред /// суд /// за која подносителот претпоставува дека осуденото лице ќе ја поднесе против одлуката на /// /// суд. Како странка во постапката пред /// /// суд, и како странка во постапка која против осуденото лице претходно се водела пред основен суд и пред /// суд ///, во врска со зголемување на издршка на малолетни деца, подносителот на пријавата упатува на извршено влијание од страна на осуденото лице –

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

поранешен сопружник, на одлуката на /// суд ///. Оттаму, подносителот смета дека постои веројатност поранешниот сопружник, овојпат осуден од страна на /// /// суд ///, повторно да влијае на исходот од постапката пред /// суд ///, како резултат на комуникација со службено лице вработено во /// суд ///.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот пријавените дејствија не се корупција согласно дефиницијата утврдена во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Изготвил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител
Одобрил: С.Д., член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата